Servisea

Годишно обраќање на Сервисеа за 2022

Почитувани клиенти и партнери на Сервисеа,

Благодариме што со Вашата доверба ни овозможивте уште една година да делуваме и пружаме помош со Вашите најразлични правни и административни проблеми. Се надеваме дека со нашето совесно работење и максимално залагање во решавање на Вашите предмети ја заслуживме нашата понатамошна соработка.

2022 беше тешка година од финансиска гледна точка за Сервисеа, но на друга страна, екстремно продуктивна во поглед на остварени контакти и одработени предмети. Тоа е на извесен начин и одраз на долготрајната визија на Сервисеа, каде клиентот секогаш ќе има приоритет пред финансиските резултати. Доколку клиентите на Сервисеа се задоволни, сите останати параметри од работењето ќе се совпаднат со замислените цели во иднината.

Осврнувајќи се на годината која изминува, ќе споменеме сегмент којшто многу често го земаме како составен дел од Сервисеа, но малку говориме за него. Нашето онлајн присуство, кое е значаен фактор во моделот по кој ја градиме Сервисеа, оваа година покажа исклучителни разултати на кои сме особено горди. Имено, нашате веб страна www.servisea.mk во Ноември 2022 оствари најголема посетеност од околу 6500 прегледи, што претставува апсолутен рекорд од формирањето на фирмата. За илустрација, на почетокот на годината, односно во Јануари 2021, посетеноста беше околу 2700. Во Јануари 2020 регистриравме само 1000 прегледи.

Експоненцијалниот пораст на прегледите е само уште една потврда дека нашиот тим одговорен за сегментот Корисни Текстови одлично ја извршува својата работа и успева да пронајде теми и прашања кои се актуелни и помагаат на илјадници наши клиенти и сограѓани. Голем дел од нашите корисни текстови се често првиот извор кој е понуден при пребарување на разни правни прашања, што претставува јасен показател за квалитетот на нашите стручни текстови.

Servisea

Се надеваме дека со овие наши напори многу повеќе наши граѓани ќе станат свесни за своите права и обврски. Сакаме активно да учествуваме во подобрувањето на правната средина во Македонија, односно да ја подигнеме свеста на граѓаните кои мора да сфатат дека користењето на законските норми не е никакво табу, туку основно право кое ги штити од против-правни дејствија со кои можеби се соочуваат.

Од гледна точка на предметите кои ги работевме во 2022, за повеќе од 70 разни клиенти работевме над 100 различни предмети, опфаќајки широк спектар на правни и административни задачи. Во текот на годината помогнавме на клиенти во 10 македонски градови, но и во 10 држави надвор од Македонија. На сите наши клиенти во 2022 сме бескрајно благодарни за шансата да им ги пружиме нашите услуги.

За клиентите- физички лица особено активни бевме на полето на нострификации на дипломи, жалби, откуп на државно земјиште, заштита на лични податоци, посредување во стекнување документација при склучување бракови, советување при купување и продавање недвижен имот, комплетирање на постапки за приватизација, имотно-правни процеси (оставини, физички делби, тестаменти, разни видови договори) итн.

Правните субјекти кај нас се обраќаа за советување во однос на Законот за заштита на лични податоци, при основање трговски друштва и статусни промени во нив, при промена на содружници и удел во фирмата, но за одбележување се и неколку интересни контакти со нови партнери, како на пример адвокатска канцеларија од Австралија која ги искористи услугите на Сервисеа при завршување на постапка за Австралиски државјанин во Македонија.

Читајќи го резимето за 2022 во редовите погоре и гледајќи како нашето присуство на пазарот е сé позначајно, неминовно е да се спомене дека ништо од нашите достигнувања досега нема да беше можно без нашите многубројни партнери со коишто секојдневно соработуваме. Зад нас стои сé посилна мрежа од адвокатски канцеларии, вешти лица од многу области на нашето работење, партнери во многу државни и јавни институции, како и голема група на пријатели, кои со своите добронамерни совети и забелешки не водат кон подобро остварување на нашата визија за градење квалитетна фирма, која е пред сé е доверлив партнер за нашите клиенти, кои претставуваат единствениот двигател за нашиот труд.

Servisea

Во 2023 фокусот на фирмата останува непроменет: Со максимален интегритет и залагање да дојдеме до остварување на потребите на сите наши клиенти на начин кој ќе им заштеди време и пари. Сакаме Сервисеа да стане синоним за комплексно завршување на сите чекори во предметите на нашите клиенти. Сé што е потребно е клиентите да остварат контакт со нас, по кој ќе ги преземеме сите чекори и ќе ги вклучиме сите релевантни институции потребни за конечно решавање на предметот.

За зголемување на досегот на Сервисеа ќе се посветиме на реализирање на тематски кампањи, кои ќе водат кон придобивање нови клиенти, за што ќе ве известуваме преку нашата веб страница или социјални медиуми. Ќе продолжиме и со работата на нашиот сегмент Корисни Текстови, преку кој ги информираме не само нашите клиенти, но и поширокаta јавност за теми кои се релевантни за нив. Нема да изостане и нашето присуство на социјалните медиуми, давајќи можност на сите кои се заинтересирани да стапат во контакт со нас на најлесен можен начин.

Во последните денови од годината што изминува, тимот на Сервисеа Ви благодари за Вашата доверба во 2022 и Ви посакува среќни Новогодишни и Божиќни празници. Сервисеа ќе биде со Вас и во 2023, посилна и секогаш подготвена да се посвети на Вашите правни и административни прашања.

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО